# КОНГРЕС | CONGRESS

Со меѓународно учество
организиран од ПАГНИА и ЗНРМ

With international participation
organized by PAGNIA & MNA

## „Мултидисциплинарен пристап за здраво детство - наша заедничка грижа од првиот ден"

## "Multidisciplinary approach for healthy childhood - our shared care from day one"

## ВТОРО СООПШТЕНИЕ

**ПАГНИА • PAGNIA**

ПЕДИЈАТРИСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОЛОГИЈА, НУТРИЦИЈА, КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА

Здружение на неонатолозите на Р Македонија
Macedonian Neonatal Association

08-10 Мај 2026 | May 08-10 2026
Хотел ДРИМ Струга | Hotel DRIM Struga
Р.С.Македонија | R. of N.Macedonia

**www.congress2026.mk**

Коорганизација и реализација
ГЛОБАЛ НЕТ АДВ - Скопје



**Почитувани колеги, драги пријатели и соработници,**

Исклучителна чест ми е во името на **Педијатриската асоцијација за гастроентерохепатологија, нутриција, клиничка имунологија и алергологија** да Ве поканам на **Конгресот со меѓународно учество во организација на ПАГНИА и ЗНРМ** со наслов **„Мулти дисциплинарен пристап за здраво детство - наша заедничка грижа од првиот ден“** кој ќе се одржи од **8 до 10 ти Мај 2026 година во хотел Дрим во Струга.**

Создавањето на оваа педијатриска асоцијација произлезе од секојдневната клиничка пракса и поврзување на важни механизми на настанување на многу болести и нивно лекување.

Педијатриската гастроентерологија, хепатологија и нутриција се исклучително важни област за создавање на здрава единка во општеството. Имунолошкиот примат и важноста на гастроинтестиналниот тракт е тесно поврзан со клиничката имунологија и алергологија.

Од тука произлезе идејата да се поврзат знаењата за клучните области во една асоцијација.

**Конгресот е наменет за специјализанти, педијатри, супспецијалисти, диететичари, млади лекари, лекари од примарната пракса, лекари по семејна медицина, медицински сестри и сродни гранки и специјалности чија што секојдневна активност длабоко се испреплетува со нив.**

**Главни теми на конгресот се: разни болести од имунолошки аспект, гастроинтестинални и хепатолошки болести, исхрана на здраво и болно дете, алергологија, најнови препораки во дијагностицирањето и лекувањето од голем број специјалности, современа дијагностика и терапија, вкучувајќи протоколи, персонифицирана медицина и иновации.**

Конгресот е место каде ќе можат колегите, лично да разменат искуства за најновите научни и професионални достигнувања од различни полиња.

Римскиот филозоф Сенека кажал: ***„Подобро да научите нешто непотребно, отколку да не научите ништо”.***

**Задоволството ќе биде поголемо ако заедно ја создадеме историјата, спојувајќи нови идеи за возбудлива иднина и незаборавни спомени од заедничката интелектуална и социјална дружба.**

**Проф д-р Соња Бојаџиева**
Претседател на Педијатриската асоцијација за гастроентерохепатологија,
нутриција, клиничка имунологија и алергологија

* * * * * *



**Почитувани колеги, соработници и пријатели,**

Со големо задоволство, во името на **Здружението на неонатолози на Р. Македонија**, научниот и организацискиот одбор, Ви го најавувам одржувањето на **Конгресот со меѓународно учество во организација на ПАГНИА и ЗНРМ со наслов „Мулти дисциплинарен пристап за здраво детство - наша заедничка грижа од првиот ден“** кој ќе се одржи од **08-10.05.2026 година во хотел Дрим - Струга**.

На конгресот ќе земат учество врвни експерти од нашата земја, регионот и од Европа кои ќе ги презентираат најновите сознанија како и своите професионални искуства преку богата научна програма исполнета со пленарни предавања и стручни работилници.

**Новите достигнувања во грижата и лекувањето на новородените се секогаш огромен предизвик за неонатолозите, педијатрите, семејните лекари и сите други сродни специјалности кои на било каков начин се вклучени во грижата за здраво детство од првиот ден.**

Конгресот ќе биде можност за размена на искуства и идеи, стекнување на нови знаења, информирање за новините во терапијата и унапредување на сопствените можности во давање најдобра здравствена грижа за новородените.

Затоа очекуваме и Вие со Вашето присуство и конструктивни дискусии да придонесете за успешна реализација на планираните активности, како и воспоставување на нови професионални контакти и пријателства.

Поздрав,
**Проф. д-р Силвана Наунова Тимовска**
Претседател на Здружението на неонатолози на Р. Македонија

# ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПСТРАКТИ

**Поднесувањето на апстрактите се врши електронски, со користење на прикачениот образец (МК-abstract template) од веб страната:**

**www.congress2026.mk**

Апстрактите треба да бидат напишани во фонт **Times New Roman** со **12** големина на букви, со **единечен проред** и во **А4 формат.**

Апстрактот треба да содржи: **наслов, имиња и презимиња на авторите** (да се подвлече носителот на трудот), **Институција од која доаѓаат,** а содржината на апстрактот да биде **мин. 200 и макс. 300 зборови со најмногу 5 клучни зборови**.

Апстрактите треба да бидат што е можно поконцизни и истите е препорачливо да бидат конципирани со воведен дел и цели, методологија (доколку е применлива), реултати и дискусија, заклучок и литература (најмногу две цитирани референци, **Harvard style**).

**Апстрактите треба да бидат напишани на македонски и англиски јазик.**

При поднесување на апстрактите, авторот треба да избере дали сака усна или постер презентација.

По рецензирање на апстрактите, **Научниот одбор го задржува правото одреден апстракт да го префрли од усна во постер презентација или обратно.**

Усните излагања може да се на мајчин јазик, но презентациите **МОРА ДА БИДАТ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК** – напишани во Пауер Поинт (power point), во 16:9 формат.

Постер презентациите ќе се изведуваат исклучиво електронски на LCD екрани и затоа истите треба да бидат направени во размер **16:9 и резолуција мин. 300 dpi (.pdf формат).**

За сите прифатени **АПСТРАКТИ**, одлука ќе донесе Научниот одбор.

- **КРАЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПСТРАКТИТЕ: 27.03.2026 год.**
- **КРАЕН РОК ЗА ПОТВРДА НА ПРИФАТЕНИТЕ АПСТРАКТИ: 05.04.2026 год.**

**НАПОМЕНА:**

**Прифатените усни и постер презентации, овозможуваат соодветни бодови од акредитацијата на настанот, НО САМО ЗА НОСИТЕЛОТ НА ТРУДОТ.**

**Во Книгата на апстракти ќе бидат објавени Само прифатените апстракти ЗА КОИ НОСИТЕЛОТ НА ТРУДОТ ИМА ПЛАТЕНА/ОБЕЗБЕДЕНА КОТИЗАЦИЈА.**

## КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСНИЦИ

| Вид на учесник | УПЛАТА ДО 19.04.2026 | УПЛАТА ОД 20.04.2026 | УПЛАТА ОД 01.05.2026 |
|---|---|---|---|
| Членови на Здруженијата ПАГНИА и/или ЗНМ | 8.990 ден. (145 €) | 9.920 ден. (160 €) | 11.160 ден. (180 €) |
| Останати УЧЕСНИЦИ | 10.230 ден. (165 €) | 11.470 ден. (185 €) | 12.710 ден. (205 €) |
| * Специјализанти и студенти | 6.820 ден. (110 €) | 8.060 ден. (130 €) | 8.990 ден. (145 €) |
| ** Претставници на компании и други придружби | 6.820 ден. (110 €) | 8.060 ден. (130 €) | 8.990 ден. (145 €) |

**ВО ЦЕНАТА Е ВКЛУЧЕН 18% ДДВ**

Висината на цената за секоја категорија, ќе се пресметува според

**ДАДЕНИТЕ РОКОВИ ВО ЦЕНОВНИКОТ и ДЕНОТ НА УПЛАТАТА.**

## КОТИЗАЦИЈАТА ЗА КОНГРЕСОТ ВКЛУЧУВА:

| | |
|---|---|
| • Комплет материјал и ID карта | • Пристап во изложбениот простор |
| • Присуство на сите научни сесии | • Присуство на свечено отворање |
| • Сертификат со одобрени бодови од ЛКРСМ | • Присуство на кафе паузи и организирани ручеци |

*** * * ПРИСУСТВО НА СВЕЧЕНИ ВЕЧЕРИ**

НАПОМЕНА за категорија *: **СПЕЦИЈАЛИЗАНТИТЕ И СТУДЕНТИТЕ, ЗАДОЛЖИТЕЛНО** мора да испратат **Потврда од факултет дека се запишани на студии во тек во тековната учебна година.**
Учесниците во оваа категорија, добиваат ID картица, програма и слободен влез на сите предавања и други организирани активности. Овие учесници

**ДОБИВААТ СЕРТИФИКАТ ЗА УЧЕСТВО, НО НЕ ИМ СЛЕДУВААТ ПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ.**

НАПОМЕНА за категорија **: **Претставници на компании може да бидат само вработени во Компании кои УЧЕСТВУВААТ на настанот со Спонзорски пакет или со Штанд.**
**Други придружници** може да бидат само брачни другари или членови на потесно семејство.
Учесниците во оваа категорија, добиваат програма и ID картица за слободен влез на сите предавања и други организирани активности. **Овие учесници**

**НЕ ДОБИВААТ: СЕРТИФИКАТ ЗА УЧЕСТВО И ПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ.**

---

НАПОМЕНА за категорија ***: СИТЕ УЧЕСНИЦИ КОИ **ИМААТ ПЛАТЕНО КОТИЗАЦИЈА, А НЕ СЕ СМЕСТЕНИ ВО ХОТЕЛ ДРИМ**, ЗА ПРИСУСТВО НА СВЕЧЕНИ ВЕЧЕРИ, **АВАНСНО ДОПЛАЌААТ 45 € ПО ЧОВЕК, ЗА СЕКОЈА ВЕЧЕРА ПОСЕБНО.**

---

СИТЕ УЧЕСНИЦИ КОИ **НЕМААТ ПЛАТЕНО КОТИЗАЦИЈА, И НЕ СЕ СМЕСТЕНИ ВО ХОТЕЛ ДРИМ** , ЗА ПРИСУСТВО НА СВЕЧЕНИТЕ ВЕЧЕРИ, РУЧЕЦИ, КОКТЕЛИ И/ИЛИ КАФЕ ПАУЗИ, **АВАНСНО ПЛАЌААТ 60 € ПО ЧОВЕК, ЗА СЕКОЈ ОБРОК ПОСЕБНО.**

Уплата за КОТИЗАЦИЈА и учество на РАБОТИЛНИЦА се врши во агенцијата ГЛОБАЛ НЕТ АДВ
жиро сметка: **200-0031649772-96** Стопанска банка а.д. Скопје
Цел на плаќање: „КОНГРЕС 08-10.05.2026"

**Сите уплати мора да бидат завршени пред започнување на настанот!**

# ПРИЈАВА ЗА РАБОТИЛНИЦИ

Почитувани колеги, соработници и драги пријатели,

Ми претставува особена чест и задоволство да ве поканам на планираните Работилници кои се дел од Конгресот со меѓународно учество во организација на ПАГНИА и ЗНРМ со наслов „Мулти дисциплинарен пристап за здраво детство - наша заедничка грижа од првиот ден“

Секоја работилница ќе биде посебно акредитирана и е со соодветен број на бодови добиени од Лекарската Комора на РС Македонија.

Поради ограничените просторни можности и употреба на соодветна медицинска опрема за време на работилниците, ве молиме навремено да го пријавите вашето учество.

Бројот на учесници на една работилница е ограничен на максимум 30 учесници и пријави ќе се примаат до моментот на пополнување на одобрениот број на учесници.

Принципот на пријава за учество на работилница е ПРВ ПРИЈАВЕН, ПРВ УСЛУЖЕН.

Врз основа на вашата првично прифатена пријава за некоја или повеќе Работилници, ќе ви биде доставено известување од страна на Глобал Нет Адв дека треба да ја платите Про-фактурата за Рана Котизација и пресметката за вкупниот број на пријавени работилници, или само за Учество на вкупен број работилници без учество на Конгресот.

Со достава на извршената уплата, од страна на Глобал Нет Адв ќе ви биде издадена Потврда за ваше учество на Конгресот и пријавените работилници.

# ЦЕНИ ЗА УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦИ

| Вид на учесник | КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА 1 (ЕДНА) АКРЕДИТИРАНА РАБОТИЛНИЦА |
|---|---|
| Членови на Здруженијата ПАГНИА и/или ЗНМ Уплата за РАНА КОТИЗАЦИЈА и | **+ 1.550 ден.** (25 €) |
| ОСТАНАТИ УЧЕСНИЦИ Уплата за РАНА КОТИЗАЦИЈА и | **+ 2.170 ден.** (35 €) |
| СПЕЦИЈАЛИЗАНТИ И СТУДЕНТИ Уплата за РАНА КОТИЗАЦИЈА и | **+ 1.250 ден.** (20 €) |
| УЧЕСТВО САМО НА РАБОТИЛНИЦА, БЕЗ УЧЕСТВО НА КОНГРЕСОТ | **3.100 ден.** (50 €) |

**Доколку не може да се пријавите на некоја од приложените работилници, тоа значи дека бројката од максимално дозволените учесници е исполнета.**

Уплата за КОТИЗАЦИЈА и учество на РАБОТИЛНИЦА се врши во агенцијата ГЛОБАЛ НЕТ АДВ
жиро сметка: **200-0031649772-96** Стопанска банка а.д. Скопје
Цел на плаќање: ,,РАБОТИЛНИЦА/И 08-10.05.2026,,

**Сите уплати мора да бидат завршени пред започнување на настанот!**

# СМЕСТУВАЊЕ

## Цени за сместување во хотел Дрим, Струга:

| Hotel | Сместување | ЦЕНА ПО ЛИЦЕ/ НОЌ за ПОЛУПАНСИОН |
|---|---|---|
| х. ДРИМ **** Струга | Еднокреветна | 80 еур |
| | Двокреветна | 65 еур |

Можно е сместување и во повеќекреветни соби.

## ОТКАЖУВАЊЕ НА СМЕСТУВАЊЕ

- За откажано сместување **до 15.04.2026,** средствата **ќе се рефундираат во целост**, намалени за банкарските трошоци.
- За откажано сместување **од 16.04.2026,** средствата **ќе се рефундираат до 50%** од уплатените средства, намалени за банкарските трошоци.
- За откажано сместување **после 01.05.2026, НЕ СЛЕДУВА РЕФУНДАЦИЈА НА УПЛАТЕНИТЕ СРЕДСТВА.**

**ПРИСУСТВО ДО СИТЕ ЛОКАЦИИ ВО ХОТЕЛ ДРИМ, ЌЕ БИДЕ ДОЗВОЛЕН САМО ЗА ЛИЦАТА КОИ ИМААТ ПЛАТЕНО КОТИЗАЦИЈА ЗА КОНГРЕСОТ.**

**За сите информации и детали за сместување, превоз, техничка и логистичка поддршка, ве молиме обратете се до агенцијата коорганизатор и реализатор:**

**Маркетинг и адвертајзинг агенција**
**ГЛОБАЛ НЕТ АДВ**

Лица за контакт: Марјан Димески ....... **071/317-377**

Лара Велевска ........... **070/392-638**

Е-маил:

**globalneta@gmail.com и/или globalnetadv@globalnetadv.mk**

Коорганизација и реализација
ГЛОБАЛ НЕТ АДВ - Скопје

**www.congress2026.mk**